Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Генерален секретаријат
Sekretariati i Përgjithshëm

Сектор за правни работи
Sektori i Çështjeve Juridike

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ
Примено: 12-02-2026
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
03 | 778/1

Дата/Data: 05-02-2026

Архивски број/Numri arkivor: 62-1396/2

До/Drejtuar: 1.Министерство за одбрана/ Ministrisë së Mbrojtjes
2.АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје/ShA për Ndërtim dhe Menaxhim me Hapësira Banesore dhe Hapësira Afariste me rëndësi për Republikën - Shkup

Предмет/Lënda: Известување и проследување на надлежност на информација од јавен карактер/
Njoftim dhe përcjellje të kompetencës së informacionit me karakter publik

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата доставено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted], во кои бара одговори на повеќе прашања, поврзани со Одлука на Владата на РМ за прифаќање на старешините од ЈНА, воените службеници и граѓански лица на служба во ЈНА од страна на РМ, објавен во Сл.весник бр.3/92 од 21 јануари 1992 година и Одлуката на Владата за престанување на важење на одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА воените службеници и граѓански лица на служба во ЈНА од страна на РМ, објавен во Сл.весник бр.158/2007 од 28 декември 2007 година и тоа:

1.Колку вкупно лица се отповикале на одлуката за прифаќање, односно колку страешини, воени службеници и граѓански лица се прифатени односно ја напуштиле ЈНА во системот на одбрана на РМ; (надлежност на Министерство за одбрана);

2. На колку од тие прифатени лица, Владата на РМ преку своите органи, министерства, јавни претпријатија и сл. им го има решено станбеното прашање со доделување на станови, откуп на станови, исплата на надоместок за закупнина на стан или на друг начин; (надлежност на Министерство за одбрана и АДССПДП);

Të nderuar,

Në Sekretariatin e Përgjithshëm të Qeverisë është dorëzuar kërkesë për qasje të lirë në informacionet me karakter publik nga [redacted], në të cilën kërkon përgjigje për disa pyetje që lidhen me Vendimin e Qeverisë së RM-së për pranimin e eprorëve të APJ, nëpunësve ushtarakë dhe personave civilë që shërbejnë në APJ nga Republika e Maqedonisë, të publikuar në Gazetën Zyrtare nr. 3/92 të datës 21 janar 1992, dhe Vendimin e Qeverisë për ndërprerjen e vlefshmërisë së vendimit për pranimin e eprorëve të APJ nëpunësve ushtarakë dhe personave civilëve që shërbejnë në APJ nga Republika e Maqedonisë, të publikuar në Gazetën Zyrtare nr. 158/2007 të datës 28 dhjetor 2007, edhe atë:

1.Sa persona gjithsej e kanë revokuar vendimin për pranim, përkatësisht sa eprorë, nëpunës ushtarakë dhe persona civilë janë pranuar përkatësisht larguar nga APJ në sistemin mbrojtës të RM-së; (kompetencë e Ministrisë së Mbrojtjes);

2. Për sa prej atyre personave të pranuar, Qeveria e RM-së, nëpërmjet organeve të saj, ministrive, ndërmarrjeve publike etj., ua ka zgjidhur çështjen e banimit me ndarjen e banesave, blerjen e banesave, pagesë të kompensimit të qirasë për banesë ose në ndonjë mënyrë tjetër; (kompetencë e Ministrisë së Mbrojtjes dhe ShAMHBHA);

3. На колку од лицата од точка 2 на Одлуката во Сл.весник бр.3/92 од 21.1.1992 на кои им е решено станбеното прашање, истото е решено до 28 декември 2007 година, и после 28 декември 2007 година кога Владата на РМ ја носи одлуката за престанување на важење на одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА воените службеници и граѓански лица на служба во ЈНА од страна на РМ, објавена во Сл.весник бр.158/2007 од 28 декември 2007 година (надлежност на Министерство за одбрана и АДССПДП) и

4. На колку лица кои се отповикале на Одлуката за прифаќање на старешините од ЈНА, воените службеници и граѓански лица на служба во ЈНА од страна на РМ, објавен во Сл.весник бр.3/92 од 21 јануари 1992 година, ја напуштиле ЈНА и се вклучиле во одбраната на РМ, се уште до ден ден ес не им е решено станбеното прашање (надлежност на Министерство за одбрана).

Генералниот секретаријат на Владата, не располага со наведените информации и не ги создал истите, и нема законска надлежност ниту да ги создаде, бидејќи е административна служба на Владата, со логистички и оперативни надлежности, кои произлегуваат од Законот за Владата на РМ и Деловникот за работа на Владата на РСМ.

Имајќи го предвид наведеното, барањето ви го доставуваме на надлежност, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно да го известите подносителот дали располагате со податоци за наведените прашања.

Со почит,

3. Për sa prej atyre personave nga pika 2 e Vendimit në Gazetën Zyrtare nr.3/92 të datës 21.1.1992, të cilëve iu është zgjidhur çështja e banimit, e njëjta është zgjidhur deri më 28 dhjetor 2007, dhe pas datës 28 dhjetor 2007, kur Qeveria e RM-së e solli vendimin për ndërprerjen e vlefshmërisë së vendimit për pranimin e eprorëve të APJ, nëpunësve ushtarakë dhe personave civilëve që shërbejnë në APJ nga Republika e Maqedonisë, e publikuar në Gazetën Zyrtare nr.158/2007 të datës 28 dhjetor 2007 (kompetencë e Ministrisë së Mbrojtjes dhe ShAMHBHA) dhe

4. Për sa persona që e kanë revokuar Vendimin për pranimin e eprorëve të APJ-së, nëpunësve ushtarakë dhe personave civilëve që shërbejnë në APJ nga RM, të publikuara në Gazetën Zyrtare nr. 3/92 të datës 21 janar 1992, e kanë lëshuar APJ-në dhe janë bashkuar në mbrojtjen e RM, ende deri më sot nuk iu është zgjidhur çështja e banimit (kompetencë e Ministrisë së Mbrojtjes).

Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë nuk disponon me informacionet e theksuara dhe nuk i ka krijuar të njëjtat, dhe nuk ka kompetencë ligjore as ti krijojë, sepse është shërbim administrativ i Qeverisë, me kompetencë logjistike dhe operative që rrjedhin nga Ligji i Qeverisë së RM-së dhe Rregullorja e Punës së Qeverisë së RMV.

Duke pasur parasysh të theksuarën, kërkesën ua dorëzojmë në kompetencë, në përputhje me nenin 18 paragrafi (1) të Ligjit për Qasje të Lirë në Informacionet me Karakter Publik, përkatësisht të njoftoni parashtruesin nëse dispononi me të dhëna për çështjet e theksuara.

Me respekt,

Заменик на Генералниот секретар на Владата
на Република Северна Македонија
Zëvendëssekretari i Përgjithshëm i Qeverisë
së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Mr. Hasim Murtezani

Доставено и до: Зоран Владев (подносител на барањето) на адреса : ул.Ангел Димовски 4, Скопје или е-пошта: vladevzoran@yahoo.com

Dorëzuar edhe: Zoran Vladev (parashtrues i kërkesës) në adresën: rr. Angel Dimovski 4, Shkup ose posta-e: vladevzoran@yahoo.com

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

Примено: E pranuar:	30-01-2026		
Орг. Един. Njësia Org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlerë:
62-	1396/1		

(Образец ПП……)

До: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] ул. [redacted] Скопје
тел. [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: —
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
ВО ПРИЛОГ
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис ПО ТЕЛЕФОНСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ,
- д) друго ЛИЧНО ПОДИГАЊЕ ОД ДЕЛОВОДСТВО НА ВЛАДАТА НА РСМ

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил ПО ТЕЛЕФОНСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ
- д) друго ЛИЧНО ПОДИГАЊЕ ОД ДЕЛОВОДСТВО НА ВЛАДАТА НА РСМ

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 30.01 **2026 година .**

Потпис
[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

По осамостојувањето на РМ и повлекувањето на ЈНА од територијата на РМ, Владата на РМ донесе одлука за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓански лица на служба во ЈНА од страна на РМ, Службен весник на РМ бр. 3/92 од 21. јануари 1992 година.

Во чл.1 од одлуката се вели дека се прифаќаат сите старешини и граѓански лица од ЈНА кои ја напуштаат Армијата и се вклучуваат во системот за одбрана на РМ,

Во чл. 2 од одлуката е наведено дека прифаќањето на старешините од ЈНА подразбира нивно: вработување, пензиско и инвалидско осигурување, здравствена заштита и решавање на станбеното прашање.

Барам да ми се достави следната информација:

1. Колку вкупно лица се отповикале на одлуката за прифаќање, односно колку старешини, воени службеници и граѓански лица се прифатени односно ја напуштиле ЈНА и се вклучиле во системот за одбрана на РМ;

2. На колку од тие прифатени лица Владата на РМ преку своите органи, министерства, јавни прептпријатија и сл. им го има решено станбеното прашање со доделување на станови, откуп на станови, исплата на надоместок за закупнина на стан или на друг начин;

3. На колку од лицата од точка 2 на кои им е решено станбеното прашање, истото е решено до 28,декември 2007 година кога Владата на РМ носи одлука за престанување на важење на одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, Службен весник на РМ бр. 158/2007 од 28. декември 2007 година а на колку лица станбеното прашање им е решено после тој датум и

4. На колку лица кои се отповикале на одлуката за прифаќање, ја напуштиле ЈНА и се вклучиле во одбраната на РМ, сеуште до ден денес не им е решено станбеното прашање;

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

наш знак	Ваш знак	дата
03-778/1	62-1396/2	24-02-2026

03-778/4

До:
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје

Предмет: Доставување одговор по Барање информација согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: наш арх.бр 03-7275/1 од 12.02.2026 година,
Ваш арх.бр 62-1396/2 од 05.02.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

наш знак	ваш знак	дата
03-778/1	62-1396/2	
12.02.2026	05.02.2026	

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-778/1 од 12.02.2026 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-778/1 од 12.02.2026 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација за број на прифатени лица од ЈНА на кои им е решено станбеното прашање (со распределба, откуп или надомест), прикажан според состојба заклучно со 28.12.2007 година и по тој датум, како и на бројот на лица на кои станбеното прашање се уште не им е решено.

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-778/1 од 12.02.2026 година, а ваш арх.бр. 62-1396/2 од 05.02.2026 година, за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со информација за број на прифатени лица од ЈНА на кои им е решено станбеното прашање (со распределба, откуп или надомест), прикажан според состојба заклучно со 28.12.2007 година и по тој датум, како и на бројот на лица на кои станбеното прашање се уште не им е решено, согласно информациите на Секторот за стопанисување со станбен простор - ПО Скопје, Ви го доставуваме следниот одговор:

Надлежен орган за одлучување и доделување правен акт за решавање на станбеното прашање на лица од ЈНА, по исполнување на законските услови, е Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија. Оттука, во однос на барањето на лицето [redacted], потребно е истото да се обрати до наведеното Министерство како надлежна институција.

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје нема надлежност да одлучува по оваа материја, туку постапува исклучиво врз основа на веќе донесени акти од страна на надлежните органи. Врз основа на наведеното, АДИССДП не располага со бараните податоци.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска